БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2026

Јануари 2026 година

Годишниот план за работа на Бирото за развој на образованието за 2025 година произлегува од Законот на Бирото за развој на образованието (Службен весник на Република Македонија“ бр.37/06, 142/08 и 148/09, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18) член 22, и е изработен врз основа на Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешки план и годишен план за работа („Службен весник на Република Македонија” број 131/18 од 17.07.2018), а во согласност со Стратешкиот план на Бирото за 2026-2028 година 01-67/1 од 13.1.2026, Стратегијата за образование 2018-2025 година, стратешките приоритети и цели на Министерството за образование и наука, а следствено на тоа и со стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година (Одлука за изменување на одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година, „Службен весник на РСМ“, бр. 177 од 26.8.2024 година).

Годишниот план се потпира и врз сознанијата од анализите и извештаите за реализацијата на планот за работа на Бирото од претходната година, од динамиката на имплементација на новата Концепција за основно образование, искажаните и утврдените потреби од спроведените истражувања, подобрувањето на квалитетот на учебниците, како и професионалниот и кариерниот развој на наставниците и стручните соработници.

Во планот за работа се определени приоритетите во насока на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштата и продолжување и имплементирање на реформските процеси во образованието, истражување, унапредување и развој на воспитно-образовната дејност во предучилишното, основното, гимназиското и уметничкото образование, средното стручно образование и образованието на учениците со посебни образовни потреби. Истовремено активностите ќе бидат насочени кон истражување, анализи и проучување на образовните системи, изготвување и имплементирање на новите наставни планови и програми, професионален и кариерен развој на воспитно образовниот кадар, следење и увид во работата на воспитно образовниот кадар, поддршка на државната матура и меѓународни тестирања и националното тестирање.

Бирото за развој на образованието за реализација на одредени задачи соработува и разменува искуства со организации и институции, асоцијации и фондации во Република Северна Македонија, како и со меѓународни организации и институции.

**Бр.01-160/2**
**27.01.2026 година**
**Скопје**

***м-р Милка Тримчевска***
*директор*

# 1. ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа на Бирото за развој на образованието се однесува за период од една година, во кој се операционализирани мерките и активностите содржани во програмите и потпрограмите на Стретешкиот план на Бирото за 2026-2028 година. Документот е во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели на Бирото за развој на образованието за 2025 година содржан во Одлуката за изменување на одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата  на Република Северна Македонија за 2024-2028 година „сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици" и приоритетните цели „подобрување на квалитетот на образованието, развој на наставните планови и програми, наставните методи, учебниците, дигиталните содржини и ресурсите во насока на подобрување наставата и учењето" и „развој на национална образовна и истражувачка ИКТ опрема". Исто така, планот се базира на стратешките приоритети и приоритетните цели на Бирото за развој на образованието:

- унапредување и развој на воспитно - образовниот процес во предучилишното, основното и средното образование;
- зајакнување на континуираниот професионален и кариерен развој на воспитно – образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование;
- унапредување на процесот на континуирано следење и оценување на постигањата на учениците;

Со Стратешкиот план на Бирото за 2026-2028 година, предвидено е да се имплементира 1 програма со 7 потпрограми, кои се посветени на подобрување на квалитетот на предучилишното, основното и средното образование.

За програмата и за секоја од предвидените потпрограми , кои пак иницираа мерки, проекти и активности, Годишниот план за работа за 2026 година ги дефинира потребните ресурси и финансиски средства за имплементација, како и очекуваните резултати од финалната реализација.

## ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Потпрограми:**

1. Стандарди за предучилишно образование

2. Стандарди, наставни планови и програми за основно образование

3. Стандарди, наставни планови и програми за средно образование (гимназиско, уметничко, спортска гимназија, спортска академија, средно стручно образование, образование на ученици со посебни образовни потреби и математичко – информатичка гимназија)

4. Истражување за унапредување на предучилишното, основното и средното образование

5. Континуиран професионален развој на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) и советодавна стручна работа во предучилишното, основното и средното образование

6. Педагошка документација и евиденција, дигитални содржини и онлајн курсеви

7. Следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците

# 2. ПЛАН ЗА РАБОТА

**А. Програма и потпрограми од стратешкиот план на Бирото за развој на образованието**

| |
|---|
| **ПРОГРАМА:** КВАЛИТЕТНО ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ |
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:**<br>**Стратешкиот приоритет:** „сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици“;<br>**Приоритетни цели:** „подобрување на квалитетот на образованието, развој на наставните планови и програми, наставните методи, учебниците, дигиталните содржини и ресурсите во насока на подобрување наставата и учењето“ и „развој на национална образовна и истражувачка ИКТ опрема“. |
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Бирото за развој на образованието**<br>**Стратешките приоритети на Бирото за развој на образованието:**<br>• Унапредување и развој на воспитно-образовниот процес во предучилишното, основното и средното образование<br>• Зајакнување на континуираниот професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование<br>• Унапредување на процесот на континуирано следење и оценување на постигањата на учениците<br>**Приоритетни цели на Бирото за развој на образованието:**<br>• да се имплементираат реформите во основно образование согласно Концепција за основно образование;<br>• да се развијат национални образовни стандарди и наставни програми и наставни планови за средното образование;<br>• да се спроведат истражувања за унапредување на образованието;<br>• да се имплементира Концепцијата за инклузивно образование;<br>• да се подобрат компетенции на воспитно-образовниот кадар;<br>• да се обезбеди следење на наставниците преку стручни увиди и обезбедување нивен кариерен развој. |
| **Цел на програмата:**<br>- Подобрен квалитет на знаењата на децата и учениците |
| **Показатели за успех на програмата:** |

| |
|---|
| - Изработени нови стандарди за предучилишно, основно и средно образование<br>- Изработени нови наставни програми, концепции и подзаконски акти<br>- Број на истражувања и анализи од областа на образованието (2026 година)<br>- Број на обучен воспитно-образовен кадар со зајакнати компетенции (2026 година)<br>- Број на стручни увиди за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници (2026 година)<br>- Испечатена и дистрибуирана педагошка документација и евиденција (2026 година) и друга стручна литература |

| ПОТПРОГРАМА 1: **Стандарди за предучилишно образование** | | |
|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата**: Унапредување на квалитетот на предучилишното образование | | |
| **Показател за успешност:**<br><br>- изработена програма за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години;<br><br>- ревидирана педагошка евиденција и документација за детските градинки;<br><br>- број на обучен воспитно-образовен кадар за теми поврзани со воспитно-образовниот процес. | **Појдовна основа:**<br><br>-Закон за заштита на децата;<br>- Извештај од спроведено истражување MELQO;<br>- Резултати од спроведен мониторинг на воспитно-образовниот процес во детските градинки;<br>- Нацрт Национална стратегија за | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br><br>- осовременување на предучилишното образование;<br><br>- иновирање на воспитно-образовната дејност во предучилишното воспитание и образование;<br><br>- зајакнување на компетенциите на воспитно-образовниот кадар за реализација на Програмата за рано учење и развој. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | образование 2026 - 2032 година. | | | | |
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | | |
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | **Финансиски средства (МКД)** | **Организациски облик/лице** |
| 1. Изработена пилот верзија на програма за рано учење и развој. | - Изработување на пилот верзија на програмата за рано учење и развој.<br><br>- Пилотирање на новата програма за рано учење и развој. | ✓ | ✓ | <br><br><br><br>✓ | <br><br><br><br>✓ | 500.000 | - Секторот за за развој на воспитно- образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми.<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во пред-училишното воспитание и одделенската настава. |
| 2. Изработени стандарди за рано учење и развој. | - Изработување на стандарди за рано учење и развој. | | | | ✓ | 500.000 | - Секторот за за развој на воспитно- образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми.<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во пред-училишното воспитание и одделенската настава. |
| 3. Посети за следење, стручно советување и унапредување на реализацијата на пилот верзијата на | - Пилотирање на воспитно-образовните активности согласно новата | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | / | - Секторот за за развој на воспитно- образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| програмата за рано учење и развој. | пилот верзија на програмата за рано учење и развој во избрани градинки, со континуирана стручна поддршка и следење.<br><br>- Посети за следење и унапредување на реализацијата на пилот верзијата на програмата за рано учење и развој. | | | | <br><br><br><br><br><br><br><br>✓ | | - Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во пред-училишното воспитание и одделенската настава. |
| 4. Реализирање обуки за воспитно-образовниот кадар во детските градинки за примена на пилот верзијата на програмата за рано учење и развој и други теми поврзани со воспитно-образовниот процес согласно барањата на Владата, МТСП, МОН и динамиката за воведување на реформите во основното образование. | - Изработка на план за обуки за воспитно-образовниот кадар.<br><br>- Изработка на модули за обука за реализација на пилот верзијата на програмата за рано учење и развој.<br><br><br>- Реализирање на обуки за воспитно-образовниот кадар за пилотирање на програмата за рано | | ✓<br><br><br><br>✓<br><br><br><br><br><br><br><br>✓ | <br><br><br><br><br>✓<br><br><br><br><br><br><br><br>✓ | | 700.000 | - Секторот за за развој на воспитно- образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми.<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предучилишното воспитание и одделенската настава. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | учење и развој и ревидираната педагошка евиденција и документација. | | | | | | |
| 5. Изработување подзаконски акти, упатства и други документи за предучилишното воспитание и образование согласно барањата на Владата, МСПДМ, МОН и динамиката за воведување на реформите во предучилишното воспитание и образование. | - Изработување на подзаконски акти, упатства и други документи согласно Законот за заштита на децата, Законот за Бирото за развој на образованието и Нацрт Национална стратегија за образование 2026 – 2032 година. | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | / | - Секторот за за развој на воспитно- образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми.<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во пред-училишното воспитание и одделенската настава. |
| 6. Ревидирана педагошка документација и евиденција за детските градинки | - Ревидирање на педагошката документација и евиденција за детските градинки | | ✓ | ✓ | ✓ | 50.000 | - Секторот за за развој на воспитно- образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми.<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во пред-училишното воспитание и одделенската настава. |

| ПОТПРОГРАМА 2: **Стандарди, наставни планови и програми за основно образование** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата:** Унапредување на квалитетот на основното образование | | | | | | |
| **Показател за успешност:**<br><br>- број на изработени наставни планови и наставни програми;<br><br>- број на обучен воспитно-образовен кадар за нови наставни програми и други теми поврзани со воспитно-образовниот процес;<br><br>- број на изработени концепции, подзаконски акти, упатства и други документи. | | | **Појдовна основа:**<br><br>- Закон за основното образование;<br>- Концепција за основно образование (бр. 08-3980/1 од 3.3.2021) и Измени и дополнување на Концепцијата за основно образование (бр. 12-5706/4 од 6.11.2024);<br>- Закон за наставници и стручни соработници;<br>- Нацрт Национална стратегија за образование 2026 - 2032 година. | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br><br>- осовременување на основното образование;<br><br>- иновирање на воспитно-образовната дејност во основното образование;<br><br>- зајакнување на компетенциите на воспитно-образовниот кадар во основното образование. | | |
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | |
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | **Финансиски средства (МКД)** | **Организациски облик/лице** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Изработени наставни планови и нови наставни програми базирани на националните стандарди со резултати од учење согласно Концепцијата за основно образование и динамиката на воведување на реформите во основното образование. | - Изработување на наставен план за основното образование за учебната 2026/2027 година.<br><br>- Изработување на наставни планови за I до IX одделение за ученици со посебни образовни потреби во основните училишта со ресурсен центар и центрите за поддршка на учењето за учебната 2026/2027 година.<br><br>- Изработување на наставни програми базирани на националните стандарди со резултати од учење по наставните | ✓<br><br>✓<br><br>✓ | ✓<br><br>✓ | | | 500.000 | - Сектор за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди наставни планови и програми;<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предучилишното воспитание и одделенската настава;<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предметна настава во основното образование. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | предмети за деветто одделение.<br><br>- Изработување на наставни програми за слободни изборни предмети за вториот и третиот период од основното образование.<br><br>- Изработување на наставни програми за основно образование во воспитно-поправните установи за II образовен период (IV, V и VI одделение).<br><br>- Изработување на наставни програми за основно образование на возрасни за II | ✓<br><br>✓<br><br>✓ | ✓<br><br>✓<br><br>✓ | ✓ | ✓ | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | образовен период (IV, V и VI одделение). | | | | | | |
| 2. Реализирани обуки со воспитно-образовниот кадар од основните училишта за новите наставни програми и други теми поврзани со воспитно-образовниот процес согласно барањата на Владата, МТСП, МОН и динамиката за воведување на реформите во основното образование. | - Изработување на план за обуки на наставниците од основните училишта за новите наставни програми по наставните предмети за осмо одделение.<br><br>- Реализација на обуки на наставниците од основните училишта за новите наставни програми по наставните предмети за осмо одделение. | ✓ | ✓ | | | 300.000 | - Сектор за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди наставни планови и програми;<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предметна настава во основното образование. |
| 3. Изработени концепции, подзаконски акти, упатства и други документи за основното образование согласно барањата на Владата, МТСП, МОН и динамиката | - Изработување на концепции, подзаконски акти, упатства и други документи согласно Законот за основното образование, | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | / | - Сектор за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди наставни планови и програми;<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| за воведување на реформите во основното образование. | Законот за наставници и стручни соработници и Националната стратегија за образование 2026 - 2032 година. | | | | | | стандарди, наставни планови и програми во предучилишното воспитание и одделенската настава;<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предметна настава во основното образование. |

| | | |
|---|---|---|
| ПОТПРОГРАМА 3: **Стандарди, наставни планови и програми за средно образование (гимназиско, уметничко, спортска гимназија, спортска академија, средно стручно образование, образование на ученици со посебни образовни потреби и математичко-информатичка гимназија)** | | |
| **Цел на потпрограмата:** Унапредување на квалитетот на средното образование | | |
| **Показател за успешност:**<br><br>- изработена Концепција за гимназиско образование;<br><br>- изработена Национална рамка на клучните компетенции за учениците во средното образование;<br><br>- изработена Концепција за средно уметничко образование<br><br>- број на изработени нови наставни програми; | **Појдовна основа:**<br><br>- Закон за средно образование;<br>- Закон за математичко-информатичка гимназија;<br>- Законот за стручно образование и обука; | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br><br>- осовременување на средното образование;<br><br>- иновирање на воспитно-образовната дејност во средното образование;<br><br>- зајакнување на компетенциите на воспитно-образовниот кадар во средното образование. |

| | | |
|---|---|---|
| - број на обучен воспитно-образовен кадар за нови наставни програми и други теми поврзани со воспитно-образовниот процес;<br><br>- број на изработени концепции, подзаконски акти, упатства и други документи. | - Закон за наставници и стручни соработници;<br>- Нацрт Национална стратегија за образование 2026 - 2032 година. | |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Финансиски средства (МКД) | Организациски облик/лице |
| 1. Изработени нови наставни програми согласно барањата на Владата, МОН и динамиката на воведување на реформите во средното образование. | - Изработување на наставни програми по наставните предмети за трета година гимназиско образование;<br><br>- Изработување на наставни програми за општообразовните предмети на двегодишното и тригодишното средно стручно образование модуларно дизајнирани и базирани на резултати од | ✓ | ✓ | ✓<br>✓ | ✓<br>✓ | 1.900.000 | - Сектор за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди наставни планови и програми;<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот ситем и развој на стандарди, наставни планови и програми во гимназиското образование, уметничко образование и за општообразовни предмети во стручно образование. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | учењето, согласно усвоените документи и насоки од страна на МОН и ЦРССО. | | | | | | |
| 2. Реализирани обуки согласно барањата на МОН и динамиката на воведување на реформите во средното образование. | - Изработување на план за обуки на наставниците од гимназиските училишта за новите наставни програми по наставните предмети за втора година;<br><br>- Реализација на обуки на наставниците од гимназиските училишта за новите наставни програми по наставните предмети за втора година. | ✓ | ✓ | ✓ | | 600.000 | - Сектор за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди наставни планови и програми;<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот ситем и развој на стандарди, наставни планови и програми во гимназиското образование, уметничко образование и за општообразовни предмети во стручно образование. |
| 3. Изработена нова Концепција за средно уметничко образование | - Изработување на Концепција за средно уметничко образование; | ✓ | | | | 250.000 | - Сектор за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди наставни планови и програми;<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот ситем и развој на стандарди, наставни планови и програми во |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | гимназиското образование, уметничко образование и за општообразовни предмети во стручно образование. |
| 4. Изработени концепции, подзаконски акти, упатства и други документи за средното образование согласно барањата на Владата, МОН и динамиката на воведување на реформите во средното образование | - Изработување на концепции, подзаконски акти, упатства и други документи согласно Законот за средното образование и Националната стратегија за образование 2026 - 2032 година;<br><br>- Изработување на тест по математика и тест по физика за приемен испит во Математичко-информатичката гимназија во учебната 2026/2027 година;<br><br>- Изработување на тестови за квалификационо тестирање по мајчин јазик и математика за упис | ✓ | ✓<br><br>✓<br><br>✓ | ✓ | ✓ | / | - Сектор за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди наставни планови и програми;<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот ситем и развој на стандарди, наставни планови и програми во гимназиското образование, уметничко образование и за општообразовни предмети во стручно образование. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на учениците во гимназиско образование во учебната 2026/2027 година;<br><br>- Изработување на тестови за квалификационо тестирање по наставниот предмет биологија и наставниот предмет хемија за упис на учениците во здравствена струка на четиригодишното средно стручно образование во учебната 2026/2027 година. | | ✓ | | | | |

| |
|---|
| ПОТПРОГРАМА 4: **Истражување за унапредување на предучилишното, основното и средното образование** |
| **Цел на потпрограмата:** Анализа и утврдување на напредокот во воспитно-образовниот процес на теми согласно актуелните реформски процеси |

| Показател за успешност: | Појдовна основа: | Планиран резултат (одредница) на годишно ниво: |
|---|---|---|
| - Број на изготвени стручни мислења кои потврдуваат усогласеност на учебниците со Концепцијата;<br>- Процент на навремено и стручно одговорени барања од МОН за вреднување на истражувачки проекти;<br>- Изготвен финален извештај од истражувањето со дефинирани насоки/препораки;<br>- Степен на реализација на активностите предвидени во планот за соработка со невладиниот сектор;<br>- Целосна реализација на Програмата за заштита на потрошувачи кај целната група. | - Стратешки документи;<br>- Законски и подзаконски акти;<br>- Концепции. | - Унапреден квалитет на воспитно-образовниот процес преку обезбедување современи и стандардизирани учебници и рабтни тетратки;<br>- Осигуран квалитет и релевантност на надворешните проекти и истражувања кои се имплементираат во образовниот систем;<br>- Донесени препораки базирани на докази за подобрување на нивото на финансиска писменост кај средношколците;<br>- Унапредена меѓуинституционална соработка со граѓанскиот сектор, меѓународни организации и други релевантни институции преку успешно имплементирани заеднички истражувачки проекти;<br>- Подигната свест кај учениците за нивните права и одговорности како потрошувачи преку реализирани едукативни програми. |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Финансиски средства (МКД) | Организациски облик/лице |
| 1. Анализа и вреднување на учебници за основно и средно образование | - Формирање комисии за учебници:<br>Именување на стручни тела за анализа на ракописи за | | | | | / | - Сектор за истражување на образованието. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | учебници врз основа на законските рокови.<br><br>- Стручна анализа по Методологија:<br><br>Спроведување на евалуација на содржината на учебниците со примена на *Методологијата за вреднување на учебник* (педагошка, психолошка, јазична и научна анализа).<br><br>- Изготвување стручно мислење за учебник:<br><br>Изготвување на конечно стручно мислење со предлог за одобрување или одбивање на употребата на учебникот. | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | |
| 2. Анализа и вреднување работни тетратки за основно и средно образование | - Формирање комисии за работни тетратки:<br><br>Избор на стручни лица за проверка на дидактичките материјали кои го дополнуваат наставниот процес.<br><br>- Вреднување по критериуми: | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | / | - Сектор за истражување на образованието. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Спроведување на анализа на работните тетратки согласно специфичните Критериуми за вреднување на работни тетратки (фокус на практични вежби, активност и применливост).<br><br>- Изготвување стручно мислење за работна тетратка:<br><br>Изготвување на конечно стручно мислење со предлог за одобрување или одбивање на употребата на работните тетратки. | | | | | | |
| 3. Анализа и верификација на предлог-проекти и истражувачки иницијативи од надворешни субјекти, со цел заштита на интегритетот на воспитно-образованиот процес во основните и средните училишта | - Стручна анализа на проектна документација:<br><br>Разгледување и детално вреднување на елаборатите за понудените проекти од аспект на нивната образовна вредност и усогласеност со наставните цели.<br><br>- Ревизија на истражувачка методологија: | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | / | - Сектор за истражување на образованието. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Евалуација на предложениот проект/истражување: инструменти (анкети, прашалници, тестови) и методологии за истражување со ученици и наставници, со посебен фокус на очекуваните ефекти од спроведувањето на проектот.<br><br>- Изготвување стручно мислење:<br><br>Изготвување на стручно мислење (позитивно или негативно) со образложение за оправданоста на реализацијата на проектот/истражувањето.<br><br>- Процесирање до МОН:<br><br>Благовремено доставување на подготвените стручни мислења до Министерството за образование и наука, како основа за издавање на конечни одобренија за работа во училиштата. | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Спроведени истражувања за унапредување на значајни аспекти на основното и средното образование *Истражување финансиска писменост во средно образование* | - Планирање:<br><br>Изготвување на детална методологија за истражувањето и дефинирање на акциски план со временска рамка за реализација на сите фази.<br><br>- Компаративна анализа:<br><br>Проучување на релевантни стратешки документи и споредбена анализа на најдобрите меѓународни искуства и модели за финансиска едукација на младите.<br><br>- Изготвување инструменти за прибирање податоци:<br><br>Креирање на квантитативни инструменти (анкети/прашалници за наставници и ученици) и квалитативни протоколи за фокус групи со цел длабинско испитување на состојбите. | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | 500.000 | - Сектор за истражување на образованието;<br>- Одделението за истражување, развој и системски прашања. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | - Теренско прибирање и статистичка обработка:<br><br>Спроведување на истражувањето во училиштата и техничка обработка на добиените податоци со користење на соодветни статистички методи.<br><br>- Сублимирање на наодите:<br><br>Изготвување на завршен извештај од истражувањето кој ќе содржи детална анализа на резултатите, заклучоци и конкретни препораки за унапредување на финансиското образование. | | | | | | |
| 5. Спроведени научно истражувачки проекти со невладини организации, меѓународни организации и други институции во државата врз основа на меморандума за соработка | - Оперативно планирање:<br><br>Изготвување на детален Акциски план за реализација на проектните фази, со прецизно дефинирани одговорности, ресурси и временски рокови за секој партнер поединечно. | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | / | - Сектор за истражување на образованието;<br>- НВО. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | - Координација и реализација:<br><br>Спроведување на предвидените проектни активности (обуки, работилници, истражувања на терен) во согласност со динамиката утврдена во Акцискиот план и стратешките цели на проектот.<br><br>- Следење и евалуација:<br><br>Континуиран мониторинг на напредокот и изготвување на Извештај за реализација на активностите. | | | | | | |
| 6. Програмата за заштита на потрошувачите | - Изготвување на сеопфатна Програма за заштита на потрошувачите, прилагодена на возраста на учениците, која вклучува теми за потрошувачки права, безбедност на производите и механизми за правна заштита.<br>- Оперативна реализација: | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | 180.000 | - Сектор за истражување во образованието;<br>- Советник номиниран за реализација на програмата;<br>- МЕ;<br>- ВРСМ. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
